Врз основа на член 55 став 1 и од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 50 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016 година) член 6 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018), Извештајот од работа на Комисијата за разгледување на барањата по Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови бр.15-554/5 од 09.05.2023 година за давање предлог на Министерот, а согласно Финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2023 година, Министерот за образование и наука, донесе

**РЕШЕНИЕ**

За финансирање на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus за 2021 година

1. Со ова Решение се прифаќаат следните барања за надомест на средства платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus за 2021 година на пријавените автори дадени во табеларниот приказ:

Табела 1 . Одборени барања за по конкурсот за надомест на средства платени за објавување на научни трудови

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Фактор на влијание | Подносител | Научно подрачје/Научна област | Архивски број | Одобрени средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Зејнула Азири | Редизајнирање на основното око на телескопски хидрауличен цилиндар | Меѓународно списание за трансакции и за менаџмент | 0,08 | Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје | техничко-технолошки науки,дизајн на производ | УП-1 15-610 од 01.04.2022 | 16.775 денари |
| 2. | Марија Дарковска Серафимовска | Дали екстрактот од канабис добиен од сув цвет од канабис со максимално дозволено ниво на афлатоксини и охратсина има влијание врз безбендоста и здравјето на лоѓето | Граници во медицината | 5,09 | Универзитет „Гоце Делчев“ | медицински науки и здравје | УП 1 15-15998 од 30.03.2022 | 170.657 денари |
| 3. | Билјана Попеска | Мислење на наставниците по физичко образование за онлајн наставата во тек на пандемијата со КОВИД 19 - компаративна студија меѓу земјите од Европа | Одржливост, специјално издание, Физичко образование за издржливост, политики и пракса | 3,9 | Универзитет „Гоце Делчев“ | општествени науки | УП 1<br>15-4101/1 од 31.03.2022 | 11.681 денари |
| 4. | Фана Личоска Јосифовиќ | Предиктивен потенцијал на лабораториските параметри во крв и асцит за спонтан бактериски перигонитис кај пациенти со цироза и асцит | Медицински новости од Грузија | 0,25 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје<br>хепатологија | УП 1 15-562 од 25.03.2022 | 29.758 денари |
| 5. | Фана Личоска Јосифовиќ | Дијагностички потенцијал на калпротектинот за спонтан бактериски педитобитис кај пациенти со црнодрибна цуроза и асцит | Прилози на МАНУ | 0,25 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје<br>хепатологија | УП 1 15-562 од 25.03.2022 | 15.500 денари |
| 6. | Иван Боев | Ардемиска минерална ацоцијација поврзана за без сулфидни руди со халкофилни метали во Нежилево, Пелагониски масив, северна Македонија | Европски жур нал за минерологија | 1,567 | Универзитет „Гоце Делчев“ | природно-математички науки | 15-1651 од 10.02.2022 | 47.690 денари |
| 7. | Татјана Миленковиќ | Медитеранската исхрана и тип 2 дијабетис мелитус: постојана инспирација за научниот свет. Преглед | Нутриенс | 4,546 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје<br>дијабетологија | УП 1 15-462 од 11.03.2022 | 99.680 денари |
| 8. | Петре Макрески | Дијатомејска земја: Карајтеризација, термална модификација и примена | Отворена хемија | 1,554 | Природно математички | природно-математички | УП1 15-551 | 12.340 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | науки<br><br>хемија | од 26.03.2022 | денари |
| 9. | Сања Трајкова | Хематолошка автоимуна амахифестација секундарба ба коронавирусна19 инфекција-искуство на еден центар | Отворен пристап Македонско списание за медицински науки | 1,3 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје<br><br>клинички науки | УП1 15-539 од 24.03.2022 | 24.800 денари |

**Табела 2 . Одбиени барања по конкурсот за надомест на средства платени за објавување на научни трудови**

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Фактор на влијание | Подносител | Научно подрачје/Научна област | Архивски број | Забелешка од комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Саветка Паљашовска Јорданова | Улогата на каротиданата стеноза во предвидувањата на прогнозата на коронарната болест | Прилози на МАНУ | 0,5 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје | УП 1 15-604 од 31.03.2022 | Одбиен, |
| 2. | Маријан Бошевски | Тромбоза здружена со канцином - прикази на случај | Прилози на МАНУ | 0,5 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје кардиологија | УП 1 15-600 од 30.03.2022 | Одбиен, |
| 3. | Марија Вавлукис | Влијание на САРС-КОВ-2 позитивност на клиничкиот изход меѓу СТЕМИ пациентите кои подлежат на механичка репертерција: Преглед од ИСАЦС СТЕМИ КОВИД 19 регистер | Атеросклероза | 5,26 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје кардиологија | УП 1 15-590 од 30.03.2022 | Одбиен, |
| 4. | Марија Вавлукис | Кардиоваскуларната болест COVID-19: консензус документ на ЕСЦ работната група за коронарна патофисиологија и микроциркулација, ЕСЦ работната група за тробоза и асоцијацијата за акутна кардиоваскуларна нега (АЦВЦ) во соработка со Европската асоцијација за срцев ритам (EXPA) | Актиелен фатмацевски дизајн | 3.309 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје кардиологија | УП 1 15-587 од 30.03.2022 | Одбиен, |
| 5. | Марија Вавлукис | Миокарден инфарикарен системски лупус Еритематозус - секс специфичен ризичен профил | Актиелен фатмацевски дизајн | 3309 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје Кардиологија | УП 1 15-588 од 30.03.2022 | Одбиен, |
| 6. | Марија Вавлукис | Интернационален проспективен регистар на акутни коронарни синдроми кај пациенти од КОВИД 19 | Списание на американскиот колеџ по кардиологија | 24094 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј | медицински науки и здравје кардиологија | УП 1 15-587 од 30.03.202 | Одбиен, |
| 7. | Доне Стојанов | Гликопротеин | Податоци накратко | | информатика | медицински науки и здравје биоинформатика | УП 1 15-571 од 28.03.2022 | Одбиен, |
| 8. | Благица Крстеска | Прстен печат клеточен карцином на ректум кој местазира во сихрон бубрежен карцином | Списание за медицински прикази на случаи | 0,885 | Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | медицински науки и здравје патологија | УП 1 15-362 од 23.03.2022 | Одбиен, |
| 9. | Елизабета Христовска | Напноста и деформационната анализа на јазолниот лим во зависност од изведбата на јазолотна носечка конструкција | Журнал Технологија, образование, менаџмент, | | Технички факултет, Универзитет „Светио Климент Охридски“ | техничко-технолошки науки транспортна | УП 1 15-368 од 24.02.2022 | Одбиен, |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | информатика | | | механика | | |
| 10. | Лидија Петковска | фатално акутно труење со алуминиумфосфид - приказ на случај и преглед на литературата со осфрт на современите тераписки протоколи и исходот | Граници на психологијата | 2,988 | Македонска академија на науките и уметностите | општествени науки социјална психологија | УП1 15-525 од 22.03.2022 | Одбиен, |
| 11. | Билјана Ѓонеска | Конспиративни ставови и когнитивни стилови: Сеопфатен поглед кон аналитичкото, критичкото и наулното расудување и нивната врска со склоноста кон (не)доверба во теории на заговори | Отворена хемија | 1,554 | Природно математички факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | природно-математички науки хемија | УП1 15-551 од 26.03.2022 | Одбиен, |
| 12. | Шптим Реџепи | Степен на приближување за биваријантно проширување на оператори од типот на мешање Q-Dyrmeyer врз основа на дистрибуција на полја | Списание за математикаи компјутерски науки | 1,8 | Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје | природно-математички науки математика | УП1 15-496 од 16.03.2022 | Одбиен, |
| 13. | Мерије Елези | Евалуација на квантитативна анализа на Hbsag и HBV-DNA анализа во хронична инфекција со хепатитис Б | Journal of Clinical Gastroenterolog y and Hepatology | | Државен Универзитет во Тетово | Молекуларна биологија,имун ологија | УП1 12-579 од 28.03.2022 | Одбиена |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 5 од Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2018) објавен е Конкурс за надомест на средства платени за објавување на научни трудови број 15-1181/2 од 01.02.2022 година. Согласно член 6 став 1 од Правилникот, со Решение од Министерот формирана е Комисија за избор на кандидати кои конкурирале за надомест на средства платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus со број 15-554/1 од 17.01.2023 година.

Во периодот 29.01.2023-31.01.2023 година, Комисијата за реализација на Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови ги разгледа пристигнатите барања за надомест на средства платени за објавување на научен труд во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus за 2021 година. Комисијата, по разгледувањето на документацијата, констатира дека за период од 01.02.2022 година заклучно со 01.04.2022 година на Конкурсот се поднесени 22 барања од страна на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност. При поединечното разгледување на пријавите Комисијата заклучи дека сите барања се доставени во рок согласно точка 2 од Конкурсот, член 5 став 1 и член 7 став 2 од Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средствата платени за објавување на трудови. При подетално разгледување на целосната документација, Комисијата утврди дека 9 пријавени субјекти/автори (барања) целосно ги

исполнуваат условите и критериумите согласно Конкурсот и Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средствата платени за објавување на трудови, а 13 пријавени субјекти/автори (барања) не ги исполнуваат условите и критериумите согласно Конкурсот и Правилникот. Врз основа на Извештајот од трочлена Комисија број 15-554/5 од 09.05.2023 година, формирана од Министерот за исполнетост на условите од член 5 од Правилникот, Министерот донесува Решение за одобрување на надомест на средствата платени за објавување на трудови.

Според горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Министер за образование и наука**
**Doc.Dr.Jeton Shaqiri**

изготвил: помлад соработник м-р Александар Петров
контролирал: пом.раководител м-р Светлана Пинева
одобрил: раководител Ељван Хасановиќ